Јуни 2010

# Грижители со мултикултурни потекла

**Билтен na Информативниот центар за доселеници „Св. Џорџ“, CALD Програма за грижа на заедницата (CCCP)**

## Драги грижители

Дојдовме до средина на годината и сите наши групи за поддршка на грижителите се зафатени со многу активности.
Досега имавме информативни средби за демеција, депресија, паричниот надоместок за грижителите од страна на Centrelink, ...списокот е долг. И покрај поројните дождови во април бевме на излет со автобус. Се радуваме на нашиот следен излет со автобус во јуни и се надеваме дека времето овој пат ќе биде подобро.

Оние од вас кои ги посетуваа нашите групи имаат копија од „Прирачникот на грижителите за болниците и заедницата“, и „Прашалникот“ преведени на вашиот јазик. За да ни помогнете да дознаме дали овој прирачник ви е од помош ве молиме да го прочитате прирачникот, да го потполните прашалникот и да го испратите по пошта или поминете и оставете го кај нас или дадете го на фасилитаторот на вашата група следниот пат кога ќе дојдете. Ве охрабруваме да го направите ова затоа што вашето мислење ни е многу важно и многу го цениме вашиот допринос.

Во наредените шест месеци планираме неколку големи настани како што се Семјениот излет за време на училишниот распуст во јули за CALD семејствата кои имаат мали деца со онеспособеност; Информативен ден во август – Запознајте ги луѓето кои ви ги пружаат услугите; Недела на грижителите - излет со автобус во октомври; и Божикниот ручек за нашите грижители во декември. Датумите и времето се дадени во овој број. Слободно јавете ни се доколку ви се потребни дополнителни информации.

Исто така би сакале да споделиме со вас некои возбудливи вести за билтенот. Пролетното/летно издание на билтенот во октомври ќе има нов изглед. Ќе ги задржиме сите досегашни содржини и згора на тоа ќе има многу информации релевантни за вас како грижители, а и за сите останати членови на нашите разновидни заедници на кои можеби им се потребни информации и подрршка на нивниот јазик.

Во овој број ќе прочитате две биографии, едната на Тода Долич, која се грижи за нејзината внука која има тешка онеспособеност, и Суда Натараџан (Sudha Natarajan), нашиот HACC двојазичен работник од Индискиот-под-континент.

Исто така сакаме да им честитаме на г-ѓа Баролиа (Barolia), г-ѓа Thi Be Nguyen и г-ѓа Нада Ристевска за освоените купони од квизот. Во овој број имаме уште прашања за вас. Доколку сакате да освоите купон мора да бидете брзи.

Уживајте во читањето и до следниот пат - топлете се и чувајте се!

## КРАТКА БИОГРАФИЈА НА ЕДЕН ГРИЖИТЕЛ

Тода Долич - грижител на Јулија Долич

Тода Долич е грижител на Јулија Долич, нејзината 16 годишна внука која има церебрална парализа и интелектуална онеспособеност и има потреба од постојана грижа. Тода се грижи за Јулија уште кога Јулија имала 18 месеци.

Тода и нејзиниот покоен сопруг Рајко дошле во Австралија во 1995 година благодарение на можноста за повторно обединување на семејството после војната во Босна. На 62 годишна возраст таа морала да се справи со многубројните обврски за грижа околу Јулија, да го научи јазикот и да се обиде да се вклопи во новата средина.

Грижата околу Јулија се состои од обврски како што се лична хигиена, хранење, потготвување за на училиште наутро за што користи дигалка да ја пренесе Јулија од нејзиниот кревет во специјално направената столица за неа.

Бидејќи Јулија не зборува, Тода незнае кој јазик Јулија повеќе го разбира – англиски кој се зборува на училиште или српски кој го зборуваат дома. Без оглед на јазикот главно средство на комуникација им се очите. Тода знае да ги чита очите на Јулија подобро од било кој и знае што и е потребно и кога.

Во 2004/2005 година нејзиниот маж Рајко многу се разболел и Тода ја преземала целодневната грижа и за него. Тода била потресена кога починал Рајко во август 2008 година и станала уште поодлучна да и пружи колку што може подобра грижа на Јулија.

Тода е дел од нашите групи за поддршка на грижителите, CALD Програмата за грижа на заедницата. Таа неодамна и се придружи на балканската група за дружење со луѓе од поранешните југословенски земји која е организирана во рамките на Информативниот центар за доселеници „Св. Џорџ“.

Тода беше номинирана за CALD наградата за активни сениори која се одржа за време на Сениорската недела 2010 и доби признание за личност за пример заради нејзината доследност во улогата на грижител и за нејзиното активно учество во балканската заедница.

## КРАТКА БИОГРАФИЈА НА ЕДЕН РАБОТНИК

Суда Натараџан (Sudha Natarajan) НАСС, двојазичен работник од индискиот под-континент.

Животот е како патување со воз каде се сретнуваат многу луѓе. Некои се симнуваат на станиците и заминуваат по непознати патишта, а други пак останиваат во вашето сеќавање. Мојот живот не е многу сменет, носам многу сеќавање кои придонеле за мојот опстанок.

Родена сум во Индија во јужната држава Тамил Наду. Мојот мајчин јазик е тамилскиот. Завршив пред-факултетски студии, сакав да продолжам на медицина и ме испратија во Бомбај, но наместо медицина една година учев за физиотерапевт.

Потоа се омажив и се преселив во Малезија. Неколку години подоцна, кога моите две деца беа во средно училиште, решив да продолжам со моите студии и успеав да магистрирам и потоа да докторирам по англиска литература. Во тоа време (1987) се доселив во Австралија и учев на TAFE за да се подготвам за работа во Австралија. Работев во агенција за недвижности, а потоа во банкарскиот сектор. Во 1989 се вратив во Малезија и почнав да работам како учителка. Заминав во пензија како заменик претседател по академските работи во едно приватно училиште во Куала Лумпур, западна Малезија.

Се вратив во Австралија и је преземав грижата за татко ми кој имаше паркинсонова болест. Од ова лично искуство научив неколку работи за потребите на постарите лица во нашата заедница. Многу од нив се осамени и имаат потреба од луѓе на нивна возраст кои го зборуваат нивниот јазик. Почнав да ја застапувам заедницата од Индискиот под континент и наскоро со помош на други членови од заедницата ја основав Австралиско индиската информативна мрежа (RAIN) и ја организирав сениорската групата од Индискиот под континент во Хрствил (Hurstville).

Во тоа време ја сретнав Маргерита Брискас (Margherita Briscas) од информативниот центар за доселеници „Св Џорџ" која дојде и им даде информации на нашите сениорски групи кои пораснаа од 10 учесници, на првата средба, до 30 учесници следниот месец. Брзо потоа се прилкучив на CALD Програмата за грижа на заедницата како двојазичен работник од заедницата на Индискиот под континент со цел да им помагам на луѓето кои потекнуваат овој под континент со информации, упатства и емоционална поддршка. Јас исто така ги организирам групите од индискиот под континент за дневна грижа и групите на грижителите.

Чувствувам дека исполнив еден цел циклус во мојот живот и најдов работа која ми дава чувство на исполнетост и лично задоволство. Иако е предизвик, сепак е нешто што го сакам, а тоа е да работам со изнемоштени стари лица во заедницата. Посебно ги почитувам грижителите со нивните обврски кои несебично се грижат за член на семејството. Нивното сочувство и посветеност уште повеќе го зајакнуваат мојот ентузијазам и мојата преданост како работник во заедницата.

## МАКЕДОНСКА ГРУПА ЗА ПОДДРШКА НА ГРИЖИТЕЛИТЕ

се состанува секој последен понеделник од 10am до 12 pm
552 Princes Highway Rockdale
28-ми јуни - Превенција на деменција
26-ти јуни – Како да го распределите домашниот буџет
30-ти август - На кафе во Mortdale Shopping Village

## СПЕЦИЈАЛНИ НАСТАНИ И ИЗЛЕТИ ЗА СИТЕ ГРИЖИТЕЛИ

**Среда 2-ри јуни**
Излет со грижителите со автобус во Bicentennial Park, Sydney Olympic Park, Homebush
Уживајте во излетот или прошетајте се покрај езерото Belvedere и видете ги мангрувата.

Ве молиме да си донесете ручек
Ако времето е лошо излетот нема да се одложи; ќе го посетиме Homebush Direct Factory Outlet
Цена: $5 по човек

Автобуст тргнува од:
Информативниот центар за доселеници „Св Џорџ“
552 Princes Hwy Rockdale
10am - 2.30pm

**Среда 14-ти јули**
Излет со автобус до Symbio Wildlife Park, Lawrence Hargrave Drive, Helensburgh
<u>За CALD семејствата кои имаат мали деца со онеспособеност (0-16 години)</u>
Цена: $10.00 за семејство од 4 луѓе, во цената е вклучна автобуска карта, влезница и пијалок. Ве молиме донесете си ручек.

Автобуст тргнува од:
Информативниот центар за доселеници „Св Џорџ“
552 Princes Hwy Rockdale
10am - 3pm

**Август – за датумот дополнително ќе ве известиме**
10am - 1pm
<u>Информативен ден за грижителите на CALD - Запознајте ги луѓето кои ви ги пружаат услугите</u>
Гости говорници од агенциите кој обезбедуваат одмена; потоа следи ручек во Rockdale Tennis Club
71 Chapel St Rockdale

**Среда 6-ти октомври**
Недела на грижителите на CALD
Излет со автобус до Bowral

Автобуст тргнува од:
Информативниот центар за доселеници „Св Џорџ“
552 Princes Hwy
10am - 3pm
Цена: бесплатно

**Среда 1-ви декември**
Божиќен ручек за грижителите на CALD
Повеќе детали поблиску до датумот.

Доколку сте заинтересирани за некој од настаните ве молиме јавете се кај Драгана или разговарајте со вашиот двојазичен работник.

## НАГРАДИ ЗА АКТИВНИТЕ СЕНИОРИ НА CALD 2010

На 23-ти март како дел од нашата прослава на Сениорската недела, Информативниот центар за доселеници „Св. Џорџ“ гордо ги додели наградите на

активните сениори за 2010 година на членовите на заедницата кои активно допринеле во заедницата и за животот на другите.
Овој настан беше финансиран од Министерството за стари лица, лица со онеспособеност и домашна грижа и поддржан од општините Rockdale, Kogarah, Hurstville and Sutherland. Наградите ги доделија специјални гости од секоја општина, вклучувајќи ја и Џен Форшо (Jan Foreshaw), заменичката градоначалник на општината Sutherland.
Добитниците на наградите и признанијата се граѓани на областите St George и Sutherland. Имаше четири добитници на награди од кои тројца беа грижители и шест признанија од кои три добија грижителите.
Ова ја докажа посветеноста на грижителите и огромното влијание кое го имаат врз животот на другите. Им честитаме на сите наши добитници.

**Проектот за поддршка на мултикултурни негуватели од St George може да ви помогне со:**

- Информации за услугите кои можат да се добијат и упати во служба соодветна за вашите потреби
- Индивидуално советување и емоционална поддршка
- Поединечно обучување или информирање како да ги користите потребните помагала и како да се грижите за себе
- Поддршка со редовни телефонски разговори преку нашите работници за поддршка на негуватели кои зборуваат два јазици
- Средби со други негуватели преку организирани излети со автобус и други друштвени собири, каде што ќе можете да размените искуства
- Учење на повеќе способности за негување преку едукативни семинари и информативни сесии, на пример, за деменција/одмор за негуватели/безбедни начини на подигнување на лице и други според потребите на групата

**Негувателите можат да се обратат до нашата служба преку нашата Multilingual Information Telephone Line (Повеќејазична телефонска линија за информации):**
Среда-македонски и другите јазици од бивша Југославија
**Јавете се на:  9505 7601**

## КВИЗ

1. Која од овие земји е поголема од Австралија?

| | |
|---|---|
| (а) Бразил | (в) Русија |
| (б) Канада | (г) Германија |

2. Кое животно е на паричката од 5 центи?

| | |
|---|---|
| (а) Платипус | (в) Црн лебед |
| (б) Екидна | (г) Ему |

3. Како се вика циклонот кој го опустошил Дарвин на Божик во 1974 година?

| | |
|---|---|
| (а) Хелен | (в) Трејси |
| (б) Стејси | (г) Катерина |

4. Колкав процент од Австралија е пустина?

| | |
|---|---|
| (а) 8% | (в) 25% |
| (б) 16 % | (г) 35% |

5. Кој е вториот најголем град во Нов Јужен Велс?

| | |
|---|---|
| (а) Wollongong | (в) Bathurst |
| (б) Newcastle | (г) Wagga Wagga |

6. Во која држава живее големата мерино овца?

| | |
|---|---|
| (а) Викторија | (в) Јужна Австралија |
| (б) Нов Јужен Велс | (г) Квинсленд |

Ве молиме изберете ги точните одговори и пратете ги по пошта, по факс или пак оставете ги во нашата кацеларија во Rockdale – за вашата шанса да освоите купон во вредност од $20. Нашите контакт детали ќе ги најдете на страна 1 во билтенот.